РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-2563/3
09. 09. 2020 год.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15) решавајќи по барање бр. 18-2563/1, 09.09.2020г, од Здружение за унапредување на родовата еднаквост, ,,Акција Здруженска,,Марија Савовска – извршна директорка, ул. Никола Трампаре бр. 12/1-12, 1000Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР** на барањето бр. 18-2563/1, 09.09.2020г, од Здружение за унапредување на родовата еднаквост, ,,Акција Здруженска,,Марија Савовска – извршна директорка, ул. Никола Трампаре бр. 12/1-12, 1000Скопје, тел.023215660. е-маил. zdruzenska@t.mk

Бараните информации му се доставуваат на барателот како **ПРИЛОГ** бр. 18-2563/2, 09.09.2020г. кон ова решение.

## *О б р а з л о ж е н и е*

,,Акција Здруженска,,Марија Савовска – извршна директорка, ул. Никола Трампаре бр. 12/1-12, 1000Скопје, тел.023215660. е-маил. zdruzenska@t.mk, достави барање бр. 18-2563/1, 09.09.2020г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019)..

**Со барањето бр. 18-2563/1, 09.09.2020г, барателот бара три различни информации.**

**Доставувањето на бараните информации согласно Барањето бр. 18-2563/1 од 09.09.2020г, се врши со со ПРИЛОГ- акт бр. 18-2563/2, 09.09.2020г. на секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, Општина Крива Паланка.**

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информацитe од јавен карактер согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.18-2563/2**
**09.09.2020 год.**
**Крива Паланка**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**До**
**Здружение за унапредување на родовата еднаквост**
**„Акција Здруженска„**
**Марија Савовска – извршна директорка**
**ул. Никола Трампаре бр. 12/1-12,**
**1000Скопје.**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**
Врска , барање наш бр. 18-2563/1од 09.09.2020г.
ваш бр.10-82/06, 02.09.2020г.

Почитувани,

Постапувајќи по Вашето Барање бр. 18-2563/1, со кое барате три различни информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019),, примено на ден 09.09.2020г, ви ги доставуваме бараните информации согласно вашето барање и тоа информации за :

**Точка 1 од барањето:**

Во периодот од 01.01.2020г. до 30.06.2020 година, Комисијата еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка има одржано една седница .

Во прилог ви ги доставуваме :

1.1 Електронски запис од покана бр. 16-183/2 , 22.01.2020г.

1.2 Електронски запис од записник бр. 16-183/3, 27.01.2020г.

**Точка 2 од барањето:**

Во периодот од 01.01.2020г. до 30.06.2020 година,предмет на разгледување Комисијата еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка е Извештајот за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година на општината;

**Точка 3 од барањето:**

Во периодот од 01.01.2020г. до 30.06.2020 година, Комисијата еднакви можности на жените

и мажите при Советот на Општина Крива Паланка нема поднесено како став на комисијата одредени предлози и милсења.

Бараната информација Ви ја доставуваме на начин наведен во барањето.

Со почит!

Место и датум : 09.09.2020г.
Крива Паланка

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**
**Раководител**
**Мартин Николовски**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.16-183/2**
**22.01.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ДО** ________________________________________

**КРИВА ПАЛАНКА**

Ве известуваме дека претседателот на Комисијата еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка **с в и к у в а седница на Комисијата за 27.01.2020 година (понеделник) со почеток во 13,00 часот.**

За седницата го предлага следниот

## Дневен ред:

1. Предлог – Одлука за усвојување на извештај за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година на Општина Крива Паланка.

2. Разно

Седницата на Комисијата ќе се одржи во Општина Крива Паланка.

Ве молиме за присуство на седницата.

Доставено до:
- членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите
- координаторот за еднакви можности
- заменик координаторот за еднакви можности
- претседателот на интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање
- архива

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА
Катрина М.Наковска ,с.р.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.16-183/3**
**27.01.2020 год.**
**Крива Паланка**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК

**од седмата седница на**
на Комисијата за еднакви можности ма жените и мажите
27.01.2020, Општина Крива Паланка
почеток во 13:00 часот

| **Присутни на седницата на КЕМ** | Отсутни |
|---|---|
| 1. Катерина Митовска Наковска - претседателка на КЕМ | |
| 2. Изабела Павловска - член на КЕМ | |
| 3. Славчо Тодоровски – член на КЕМ | х |
| 4. Елена Митовска Давидовска – член на КЕМ | |
| 5. Марија Трајковска Стефановска – член на КЕМ | |
| 6. Лидија Митовска – координаторката за еднакви можности на жените и мажите во општината | |
| 7. Билјана Тасевска – виш соработник за седници на советот во општината | |
| вкупно: 5 | вкупно: 1 |

| ВКУПНО: | Жени: | Мажи: |
|---|---|---|
| 6 | 6 | 0 |

**Вовед:**

Претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (во понатамошниот текст скратено КЕМ) Катерина Митовска Наковска ја закажа седмата седница на КЕМ при Советот на Општина Крива Паланка на ден 27.01.2020 година, со почеток во 13, 00 часот.

Во прилог на поканата до членовите на КЕМ, со материјалите за триесет и втората седница на Советот беше доставен Извештајот за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година, подготвен од координаторката за еднакви можности во Општина Крива Паланка, Лидија Митовска.

седмата седница на Комисијата се одржа во Општина Крива Паланка во периодот од 13,00 до 13,30 часот.

## Тек на седницата:

**Добредојде на присутните, вовед, дневен ред и цели на седмата седница на комисијата.**

На почетокот на седмата седница, добредојде на присутните им посакаа претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите Катерина Митовска Наковска и го предложи дневниот ред за седмата седница на комисијата и тоа:

**Дневен ред:**

1. Усвојување на записникот од шестата седница на КЕМ;
2. Разгледување на Извештајот за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година на општината;
3. Разно

По предлог дневниот ред од страна на претседателката Катерина Митовска Наковска, беше отворена расправа, бидејќи никој не се јави за збор, претседателката го стави предложениот дневен ред на усвојување и истиот од страна на присутните беше едногласно усвоен за работа на седмата седница на КЕМ.

**Т.1 Усвојување на записникот од шестата седница на КЕМ**

По однос на првата точка претседателката отвори расправа по Записникот од шестата седница на КЕМ, за збор се јави членот на комисијата Изабела Павловска, која се изрази позитивно за записникот и дека истиот го одразува целосно текот и реализацијата на четвртата седница на КЕМ.

Претседателката на КЕМ Катерина Митовска Наковска и членот Марија Трајковска Стефановска во неврзан разговор го подржаа и се согласија со ставот за записникот на Изабела Павловска.

Потоа Записникот од претседателката на КЕМ Катерина Митовска Наковска беше ставен на усвојување и истиот од страна на присутните беше едногласно усвоен.

**Т.2. Разгледување на Извештајот за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година на општината**

По однос на втората точка, координаторката за еднакви можности Лидија Митовска го претстави накратко Извештајот за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година на општината. Низ неврзан разговор членовите на КЕМ позитивно се изразија за извештајот, без некои конкретни забелешки или потреби од измени или дополнувања и беше едногласно прифатен односно донесен Заклучок како таков да оди на усвојување на седницата на Советот на Општина Крива Паланка закажана за 27.01.2020 година во 14 часот.

По однос на третата точка Комисијата поразговара и размени мислење меѓу себе и координаторот за нивна поактивна улога, должности и обврски кои произлегуваат од Законот за еднакви можности на жените и мажите (Сл.весник на РМ бр.6/12) поконкретно членот 14 од Законот.

**Т.3. Разно**

Координаторката укажа дека во периодот што следи посебно во делот на активностите при подготовката на родово одговорна стратегија за развој на општината пожелно би било поголемо вклучување на сите членови на Комисијата, интерсекторската работна група и

Со ова официјално седмата седница на КЕМ беше завршена!

**Изработил:**
**Координаторка за еднакви можности**
**Лидија Митовска**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Комисија за еднакви можности**
**на жените и мажите**
**Претседателка**
**Катерина Митовска Наковска с.р**